Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-568/13
08.07.2022 год. - viti
Скопје / Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Бр.-Nr. 14-568/13
08.07. 20 22 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# Записник од 47 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 24.06.2022 година | **Време** | 12.00 – 14.00 часот |
| **Бр. на седница** | 47-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>3. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>4. Славица Настеска – член на НКБК<br>5. Лавдрим Елмази – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | | | |
| **Логистичка поддршка** | Владимир Соколов (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 27.5.2022 година.
2. Презентација на предложените измени на Правилникот на АЕК за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства.
3. Состанок кој се одржа на покана на ЈП МРД со НКБК и АЕК а во врска со обврската на ЈП МРД за обезбедување на бесплатен државен WiFi.
4. Разно.

;

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 47-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни пет членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 46-та седница, одржана на 27.05.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, од страна на членот на телото Славица Настеска беше направена презентација во однос на предложените измени на Правилникот на АЕК за начинот на изградба на јавните електронски комуникациски мрежи и придружни средства. Од страна на Настеска беше истакнато и дека овие измени се прават пред се со цел Агенцијата да почне да собира податоци за изградена и планирана инфраструктурна мрежа согласно најновата DESI ЕУ методологија која беше усвоена од страна на НКБК. Предлог правилникот е ставен на јавна расправа која ќе трае до 21 јули.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на третата точка, Славица Настеска информираше околу Состанокот кој се одржа на покана на ЈП МРД со НКБК и АЕК а во врска со обврската на ЈП МРД за обезбедување на бесплатен државен WiFi согласно усвоената Информација на Влада за обезбедување бесплатен државен wifi на отворени јавни површини.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Во рамките на четвртата точка, Буковалов информираше околу намерата на АЕК за спроведување на постапка на јавен тендер со јавно наддавање за издавање на одобренија за користење на радиофреквенции (за 5G) и за Информацијата за подготовка на Студијата за изводливост за изградба на Националната транспортна оптичка мрежа.

[redacted]

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________